# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** **20.07.2016 година**
**Општина Македонски Брод** **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** **Број 7 – 2016 год.**

ЈУЛИ 2016

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 15 јули 2016 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

## За усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за втор квартал за 2016 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

**Број 18- 566/3/1** | **Совет на општина Македонски Брод**

**15.07.2016 година** | **П р е т с е д а т е л,**

**Македонски Брод** | **Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), член 21, од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина М.Брод” бр. 02/03), а во врска со член 60 од Законот за животна средина („Службен весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15,129/15,192/15 и 39/16) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 15 јули 2016 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за именување на членови на Локален управен комитет за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод

**Член 1**

Со оваа Одлука се именуваат членовите на Локалниот управен комитет за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод во состав

градоначалник на Општина Македонски Брод -Милосим Војнески
Зоран Новески
Ирена Мишкоска
Милена Костеска
Лена Милошеска
Љубе Батанџиоски
Сузана Филипоска
Славе Ѓурчиноски
Рада Миловоноска
Вања Маџоска
Гоце Костоски
Тони Маџоски
Злтко Лазески

**Член 2**

На членовите на Локалниот управен комитет за изработка на Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод не им следува надомест.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

**Број 18- 566/3/2**
**15.07.2016 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Одлуката за именување на членови на Локален управен комитет за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за именување на членови на Локален управен комитет за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 15.07.2016 година.

**Бр.08- 566 /3/10**
**20.07.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 21, од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина М.Брод" бр. 02/03), а во врска со член 60 од Законот за животна средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15,129/15,192/15 и 39/16) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 15.07.2016 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за формирање на организациона структура за изработка на**
**Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира организациона структура за изработка на Локален еколошки акционен план за животна средина (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод составен од:

- Локален координатор
- Локален управен комитет и
- Работни групи

**Член 2**

Локалниот координатор е одговорен за активностите во врска со процесот на изработка на ЛЕАП-от и тоа:

- соработува со општинската администрација во реализација на планираните активности од процесот на изработка на ЛЕАП-от;
- се грижи за членовите на Локалниот Комитет да бидат навреме информирани и подготвени за сите состаноци на Комитетот;
- ги организира состаноците на Локалниот комитет;
- ги организира состаноците со претставниците на државните органи, здруженија на граѓани и ја координира работата со целокупниот процес на изработка и развивање на ЛЕАП-от;
- помага во пишувањето на ЛЕАП-от на општината;
- врши и други работи во функција за изработка на ЛЕАП-от.

Локалниот координатор го назначува Градоначалникот на општината од редот на државните службеници на општинската администрација на Општина Македонски Брод.

**Член 3**

Локалниот комитет е одговорен за:

- давање на предлог за номинирање на лица за Работните групи;
- донесување на Одлуки во врска со усвојување на извештаите со идентификација на состојбата на животна средина на општината;
- дефинирање на клучните проблеми со животната средина во општината;
- учество во изработка на SWOT анализата во поглед на животната средина на општината;
- поставување на приоритети меѓу клучните проблеми;
- давање на насоки при развивање на Акциониот План и Планот за следење;
- информирање на јавноста, односно заедницата, за активностите поврзани со подготовката на ЛЕАП документот;
- добивање на поддршка во заедницата во врска со изработката на ЛЕАП документот;
- усвојување на Извештајот – оценката на состојбата со животната средина;
- дефинирање на проблемите со животната средина;
- поставување на приоритети за разрешување на проблемите со животната средина;
- развивање на ЛЕАП-от;
- врши и други работи во функција на изработка на ЛЕАП-от.

Членовите на Локалниот управен комитет ги назначува Советот на Општина Македонски Брод со донесување на посебна Одлука.

**Член 4**

Локалниот управен комитет заради поуспешна и детална изработка на ЛЕАП-от треба да формира работни групи, кои ќе пристапат кон изработка на документацијата и притоа максимално ќе се користи целокупниот човечки потенцијал и знаење на заедницата.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Македонски Брод"

**Број 18- 566/3/3**
**15.07.2016 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Одлуката за формирање на организациона структура за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за формирање на организациона структура за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод** , што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 15.07.2016 година.

**Бр.08- 566 /3/10**
**20.07.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), и член 21 од точка 44 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седница одржана на 15 јули 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Одлуката на УО на ОЈУДГ 7-ми Септември Македонски Брод за отстапување на патничко моторно возило**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на одлуката од Управниот одбор бр.02-94/4 од 07.07.2016година на ОЈУДГ 7-ми Септември за отстапување на патничко моторно возило Комби СУБАРУ со идентификационен број на возилото ЈФ3ФАЛОЕД002306, година на производство 1994, вид на возило М1-Патничко, повеќенаменско, боја бела со регистарски број KI 0965UB.

**Член 2**

ОЈУ детска градинка согласно член 1 од оваа одлука да го отстапи на трајно користење патничкото моторно возило КОМБИ СУБАРУ на ЈП Водовод и канализација – Македонски Брод без надоместок.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 18 – 566/ 3/4**
**15.07.2016 год.**
**Македонски Брод**

**Советот на Општина Македонски Брод**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката на УО на ОЈУДГ 7-ми Септември Македонски Брод за отстапување на патничко моторно возило**

Се прогласува **Одлуката за давање на согласност на Одлуката на УО на ОЈУДГ 7-ми Септември Македонски Брод за отстапување на патничко моторно возило**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 15.07.2016 година.

**Бр.08- 566 /3/10**
**20.07.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), и член 21 од точка 44 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седница одржана на 15 јули 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Одлуката на УО на ОЈУДГ 7-ми Септември Македонски Брод за усвојување на Правилникот за составот и начинот на работа на Комисијата за прием на деца**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на одлуката од Управниот одбор бр.02-94/3 од 07.07.2016 година за усвојување на Правилникот за составот и начинот на работа на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериум за прием на деца.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 18 – 566/ 3/5**
**15.07.2016 год.**
**Македонски Брод**

**Советот на Општина Македонски Брод**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за давање на согласност на одлуката на УО на ОЈУДГ 7-ми Септември Македонски Брод за усвојување на Правилникот за составот и начинот на работа на Комисијата за прием на деца**

Се прогласува **Одлуката за давање на согласност на одлуката на УО на ОЈУДГ 7-ми Септември Македонски Брод за усвојување на Правилникот за составот и начинот на работа на Комисијата за прием на деца**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 15.07.2016 година.

**Бр.08- 566 /3/10**
**20.07.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Којнески с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), и член 21 од точка 44 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седница одржана на 15 јули 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП Комунална хигиена –М.Брод за дополна на Ценовник на комунални услуги што ги врши јавното претпријатие**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на одлуката од Управниот одбор бр.02-215/1 од 15.07.2016година на ЈКП Комунална хигиена за дополна на ценовник за вршење на комунални услуги на јавното претпријатие.

**Член 2**

Јавното претпријатие од член 1 да постапува согласно утврдениот ценовник на услуги донесен од страна на УО на ЈКП Комунална хигиена со измената во услугата – работна рака од час да изнесува 200,00 ден за услуга, за која се задолжуваат да ја внесат во ценовникот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод “.

**Број 18 – 566/ 3/6**
**15.07.2016 год.**
**Македонски Брод**

**Советот на Општина Македонски Брод**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП Комунална хигиена –М.Брод за дополна на Ценовник на комунални услуги што ги врши јавното претпријатие**

Се прогласува **Одлуката за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП Комунална хигиена –М.Брод за дополна на Ценовник на комунални услуги што ги врши јавното претпријатие**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 15.07.2016 година.

**Бр.08- 566 /3/10**
**20.07.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 15.07.2016 година донесе

# О Д Л У К А

**за отстапување на нафта за чистење на канал Лоштица во Македонски Брод на ЈКП Комунална хигиена**

**Член 1**

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 15 јули 2016 година донесе одлука за отстапување на нафта за чистење на каналот Лоштица во Македонски Брод.

**Член 2**

Согласно оваа одлука за реализација на активностите од чл.1 да се пренасочат останатите количини на нафта доделени за чистење на речното корито на река Треска бидејќи проектот за чистење е завршен.

**Член 3**

За чистење на каналот Лоштица ќе се употребат преостанатите 4.226 литри нафта кои се отстапуваат со задолжување на ЈКП Комунална хигиена-Македонски Брод, а нафтата да се превзема во присуство на предходно формирана комисија од страна на градоначалникот на Општина Македонски Брод.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл.Гласник на Општина Македонски Брод

**Бр.18- 566 /3/7**
**15.07.2016 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за отстапување на нафта за чистење на канал Лоштица во Македонски Брод на ЈКП Комунална хигиена**

Се прогласува **Одлуката за отстапување на нафта за чистење на канал Лоштица во Македонски Брод на ЈКП Комунална хигиена**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 15.07.2016 година.

**Бр.08- 566 /3/10**
**20.07.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл 21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 15.07.2016 година донесе

# О Д Л У К А

**за одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на превоз до градот Вороњеж –Р Русија**

**Член 1**

Согласно оваа Одлука се одобруваат финансиски средства за организирање на превоз за патување до градот Вороњеж–Р.Русија. .

**Член 2**

Одобрените финансиски средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод согласно расположливите средства на општината со организирање на јавен повик за организираното патување во износ не повеќе од 10000 евра.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18- 566/3/8**
**15.07.2016 год.**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на превоз до градот Вороњеж –Р Русија**

Се прогласува **Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на превоз до градот Вороњеж– Р.Русија**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 15.07.2016 година.

**Бр.08- 566 /3/10**
**20.07.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.58/2002) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски Брод бр./2003), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 15.07.2016 година,донесе

## О Д Л У К А

**За задолжување на ЈКП "Комунална хигиена" Македонски Брод за собирање на комунален отпад во село Долни Манастирец, Девич и Суви дол**

**Член 1**

Со оваа Одлука се задолжува ЈКП "Комунална хигиена" Македонски Брод за собирање на комунален отпад во село Долни Манастирец, Девич и Суви дол.

**Член 2**

Се задолжува ЈКП "Комунална хигиена" Македонски Брод по влегување на сила на оваа Одлука да ја вметне во Програмата за работа на ЈКП за 2016/2017 година и истата започне да ја применува од 15.09.2016 година со тоа што ќе започне и со пресметување на услугите на корисниците на оваа услуга врз основа на предходно склучен договор со корисниците.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 566 /3 /9**
**15.07. 2016 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Одлуката за задолжување на ЈКП "Комунална хигиена" Македонски Брод за собирање на комунален отпад во село Долни Манастирец, Девич и Суви дол**

Се прогласува **Одлуката за задолжување на ЈКП "Комунална хигиена" Македонски Брод за собирање на комунален отпад во село Долни Манастирец, Девич и Суви дол**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 15.07.2016 година.

**Бр.08- 566 /3/10**
**20.07.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

**Службен гласник број 7 од 20.07.2016 година на Совет на општина Македонски Брод**

## С О Д Р Ж И Н А


Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод ............................................................................................................ стр.2

Одлука за именување на членови на Локален управен комитет за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод …...................... стр.3

Заклучок за прогласување на Одлука за именување на членови на Локален управен комитет за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод ............................................................................................................................ стр.4

Одлука за формирање на организациона структура за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод ............................................................ стр.5

Заклучок за прогласување на Одлука за формирање на организациона структура за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод ........................................................................................................................................ стр.7

Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ОЈУДГ 7-ми Септември Македонски Брод за отстапување на патничко моторно возило ......................................... стр.8

Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ОЈУДГ 7-ми Септември Македонски Брод за отстапување на патничко моторно возило ........................................................................................................................................ стр.9

Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ОЈУДГ 7-ми Септември Македонски Брод за усвојување на Правилникот за составот и начинот на работа на Комисијата за прием на деца ........................................................................................ стр.10

Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ОЈУДГ 7-ми Септември Македонски Брод за усвојување на Правилникот за составот и начинот на работа на Комисијата за прием на деца ............................................................ стр.11

Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП Комунална хигиена – М.Брод за дополна на Ценовник на комунални услуги што ги врши јавното претпријатие ........................................................................................................................................ стр.12

Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП Комунална хигиена –М.Брод за дополна на Ценовник на комунални услуги што ги врши јавното претпријатие ........................................................................................................ стр.13

Одлука за отстапување на нафта за чистење на канал Лоштица во Македонски Брод на ЈКП Комунална хигиена ....................................................................................................... стр.14

Заклучок за прогласување на Одлука за отстапување на нафта за чистење на канал Лоштица во Македонски Брод на ЈКП Комунална хигиена .................................................. стр.15

Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на превоз до градот Воронеж –Р Русија ......................................... стр.16

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на превоз до градот Воронеж – Р Русија ......................................................................................................................................... стр.17

Одлука за задолжување на ЈКП "Комунална хигиена" Македонски Брод за собирање на комунален отпад во село Долни Манастирец, Девич и Суви дол ................................. стр.18

Заклучок за прогласување на Одлука за задолжување на ЈКП "Комунална хигиена" Македонски Брод за собирање на комунален отпад во село Долни Манастирец, Девич и Суви дол ................................................................................................................................................ стр.19